ОТОРИНОЛАРИНГОЛОГИЈА

Целта на сесијата е да се обучат вештините за :

- Користење на отоскопот
- Препознавање на нормалните структури на тимпаничната мембрана
- Отоскопски преглед на увото

(1)Запознавање со:

- Отоскопот (расклопување и склопување на отоскопот) и спекулумите

(2) Практична вежба на учесниците :

- Преглед на надворешниот ушен канал
- Преглед на тимпаничната мембране (Отоскопија)

МЕМБРАНА ТИМПАНИ - КАРАКТЕРИСТИКИ

Нормален наод на тимпаничната мембрана. Нормалната мембрана тимпани е тенка и семитранспарентна. Гледана преку отоскоп изгледа бисерно сина, и ако е доволно транспарентна преку неа можат да се видат и некои делови од средното уво, како што се долгиот процесус на ункусот, рачката на малеолусот, отворот на Евстахиевата туба. На краевите каде мембраната се припојува на надворешниот ушен канал, таа е фиброзно здебелена (anulus fibrosa). Горната петтина на мембраната е лабава и истенчена, се наречува pars flaccida, додека другите 4/5 се делови на pars tensa. Рачката на малеолусот се проектира како striae maleolaris во правец надоле и наназад. Краткиот процесус на малеолусот проминира нанапред кон надворешниот ушен канал. Umbo е централното припојување на на малеолусот за тимпаничната мембрана. Од тука се проектира светлосниот триаголник косо надолу и наназад. Крвните садови на тимпаничната мембрана потекнуваат од надворешниот ушен канал од горната страна, така што испакнатите крвни садови на горниот раб преставува нормален наод.

ОТОСКОПИЈА- АКТИВНОСТИ

1. На пациентот објасни му го секој чекор однапред, а потоа и неговиот резултат, и биди учтив со него.
2. Завземи правилна положба доктор- пациент во текот на пегледот.
3. Направи инспекција на надворешно уво и на мастоиден предел, и спореди лева-десна страна.
4. Палпирај ги tragus-от, antitragus-от, мастоидниот предел и пределот на темпоромандибуларниот зглоб (бимануелно).
5. Провери го светлото од отоскопот.

6. Одбери соодветен спекулум (број на големина зависно од големината на каналот на пациентот: 1-3мм за деца, 4-9мм. за возрасни).
7. Држење на отоскоп: во десна рака за преглед на десно уво, во лева рака за преглед на лево уво.
8. Секогаш започни од безболното уво, доколку има таква ситуација.
9. Со слободната рака повлечи ја аурикулата во правец кон назад и горе, за да го исправиш НУК кај возрасен, (а за доенче во правец кон назад и доле, за да се отвори каналот кој е сплескан).
10. Полека внесувај го спекулумот од отоскопот во НУК (помирсај), и фиксирај ја главата на пациентот со слободните прсти.
11. Опиши ги промените на НУК, ако ги има.
12. Опиши го отоскопскиот наод на membrana tympany: боја, рефлексен триаголник, prominentia et stria maleolaris, и други промени, доколку има.
13. Извади го спекулумот надвор од НУК, исклучи го отоскопот и одстрани го спекулумот.